РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Дирекција за безбедност на
класифицирани информации
Бр. 04 - 494/10
24. 10. 2018 година

Врз основа на член 52 од Законот за административни службеници, („Службен весник на РМ“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 ), како и Правилникот за формата и содржината на Интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот за спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас („Службен весник на РМ“ бр.11/2015), како и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за формата и содржината на Интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот за спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас („Службен весник на РМ“ бр.35/2018) директорот на Дирекцијата, ја донесе следната

## О Д Л У К А

**за невршење избор за унапредување административен службеник во Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации**

1. За Интерниот оглас - 04/2018 бр. 04-494/1 од 08.10.2018 година (објавен на 10.10.2018 година) за унапредување административен службеник за работното место советник за буџетска координација УПР0101В01000 во Одделението за финансиски прашања (1 извршител), директорот на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации одлучи да донесе одлука за невршење избор за унапредување административен службеник.
2. Одлуката за невршење избор за унапредување административен службеник да се достави до кандидатите за унапредување и на веб-страницата на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации.
3. Против одлуката незадоволниот кандидат има право во рок од осум (8) дена да поднесе жалба до Агенцијата за администрација.

## *О б р а з л о ж е н и е*

Со Интерен оглас - 04/2018 за унапредување административен службеник бр. 04-494/1 од 08.10.2018 година (објавен на 10.10.2018 година) беше огласена потребата од унапредување 1 (еден) административен службеник за работно место советник за буџетска координација УПР0101В01000 во Одделението за финансиски прашања, од редот на вработените во Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации, при што за извршување на работите од точка 1, се спроведе постапка согласно членовите 48, 49, 50 и 51 од Законот за административни службеници („Службен весник на РМ“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 ), како и Правилникот за формата и

содржината на Интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот за спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас („Службен весник на РМ“ бр.11/2015), како и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за формата и содржината на Интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот за спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас („Службен весник на РМ“ бр.35/2018).

На горенаведениот Интерен оглас се пријавија тројца кандидати, и тоа: Јулијана Мазнева, Ненад Јаневски и Драган Ѓорѓиев. Директорот на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации смета дека кандидатите што ја поминаа селекцијата за унапредување по спроведеното интервју немаат работни компетенции и потребно искуство за да одговорат на работните задачи и обврски според Правилникот за систематизација на Дирекцијата, затоа што нивните работни задачи и обврски ги извршуваат во други одделенија во Дирекцијата и немаат допирни точки со финансиски прашања, што би можело да доведе до сериозни нарушувања на работата на Дирекцијата ако се има предвид сензитивноста на сите прашања од финансиското работење на Дирекцијата.

Врз основа на горенаведеното, Директорот на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации не изврши избор и одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Директор
Стојан Славески

**ДОСТАВЕНО ДО:**
- кандидатите
- Архива на ДБКИ